Врз основа на член 16 став 1 и член 18 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр. 10/2020) и член 76-а од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21, 05/21), Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија објавува:

# ПОВТОРЕН ЈАВЕН ПОВИК
## за избор на членови во Локален младински совет на Општина Гевгелија

Локално собрание на млади во Општина Гевгелија објавува Јавен повик за избор на членови во Локален младински совет на Општина Гевгелија.

На повикот можат да се пријават **членови од: Младински организации, Организации за млади, Политички подмладоци, Ученички организации и Студенстски организации и други облици на Младинско здружување**.

**Критериуми:**

- Да имаат активности на подрачјето на општина Гевгелија;
- Да се основани и активни најмалку 1 година пред отворањето на овој повик;
- Делегатот/ката да се жители на Општина Гевгелија и да се на возраст од 15 до 29 години.

**Потребна документација:**

- Унифицирана пријава;
- Мотивациско писмо од организацијата за учество во Локалниот совет на млади, но не повеќе од 1 страница;
- Извештај за работата, со кој се потврдува дека организацијата била активна и има спроведено активности со млади и за млади во Општина Гевгелија.
- Кратка програма и визија за сопственото учество во Советот (овој дел ќе биде составен дел од унифицираната пријава).

* Доколку организацијата номинира кандидат за член на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија кој е веќе член на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, во прилог на апликацијата не мора да поднесе мотивационо писмо, Извештај со наведени активности и програма.

**Рок за пријавување:**

Повикот е продолжен за 10 дена, од 8 јули до 18 јули, 2022 година.

**Начин на пријавување:**

Сите заинтересирани можат да ги доставаат потребните документи до Архивата на Општина Гевгелија со назнака: „Апликација за членство во Локален совет на млади на Општина Гевгелија“ или во електронска форма на е-маил адресата: gevgelijao@t.мк со истата назнака во предметот на е-маилот.

Повеќе информации на телефонскиот број: 034213843.

Апликациите ќе бидат разгледани од страна на трichлената Верификационата комисија која ќе ги покани апликантите пред членовите на Локалното собрание на млади да ги образложат своите пријави.

бр. 08-1530/3
08.07.2022 г.
Гевгелија

Општина Гевгелија
Локално собрание на млади
Претседавач
Ангела Шаренкова
с.р.